Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-687/2
22-09-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–687/1 од 12.09.2023 година, поднесена од [redacted] од [redacted], Општина Илинден, Скопје за извршена дискриминација врз друга основа во областа на образованието, науката и спортот, од страна на [redacted], вработена како [redacted] во Општинското Основно Училиште "Гоце Делчев" во населба Илинден, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 20.09.2023 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–687/1 од 12.09.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од с. Марино, Општина Илинден, Скопје, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## Образложение

На 12.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во [redacted], Општина Илинден, Скопје, против [redacted] вработена како [redacted] во Општинското Основно Училиште "Гоце Делчев" во населба Илинден.

Подносителката во претставката наведува дека станува збор за прекршување на основни детски права и права на родители при упис на дете во прво одделение. Со недоличен јавен настап од лични причини во просториите на основното училиште, психологот [redacted] има поттикнато секаков вид на директна и индиректна дискриминација во остварувањето на правата и облиците на заштита на детето, неговите слободи, права и правилен развој. Се наведува дека психологот го ставил детето како предмет на јавна расправа со нагласување на неговото име во просториите на училиштето пред наставници и други вработени, во неколку наврати на различни датуми. Именуваната негодувала и барала да се промени списокот со запишани ученици во Прво Г одделение, конкретно да се премести детето на родителите [redacted] и да се распредели во друго одделение, односно паралелка. Со оглед дека се работи за многу сериозен вид на дискриминација на деца, подносителот на претставката наведува дека психологот треба да преземе одговорност за своите постапки и одлуки и да се санкционира со ефективни казнени

мерки за лошото постапување и работење и за активностите кои се во спротивност на граѓанските и детските права. Посочува дека конфликтите мора да бидат навремено идентификувани, а службениците санкционирани. Предметната претставка ја поднесува и бара согласно надлежностите, Комисијата да покрене судска или друга постапка за заштита, и покренување на иницијатива за поведување на постапка пред надлежни органи поради сторена повреда на закон.

По разгледување на наводите во претставката Комисијата утврди дека изнесените факти и околности не упатуваат на сторена дискриминација врз детето на подносителката од причина што детето е запишано во основно училиште и го остварува правото на пристап до основно образование на еднаква основа со останатите деца запишани во прво одделение во Основното Општинско Училиште “Гоце Делчев” во населба Илинден, Скопје. По однос на неговото преместување од една во друга паралелка Комисијата укажува дека утврдувањето на основаноста или неоснованоста на ваквата постапка не е во надлежност на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, земени предвид нејзините законски утврдени надлежности со член 21 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во врска со ова прашање Комисијата упатува на надлежно постапување на Државниот просветен исппекторат.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Известител, член на КСЗД, Лимко Бејзароски

Скопје
22.09.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk